# СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок,

БЕЛГРАД

БРОЈ 16 ГОД. XXXI

вана Рибника бр 1 Пошт фах 226 — Телефони централа 650-155· Уредништво 651 885: Служба за претплата 651-732· Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756


**214.**

Врз основа на член 11 став 5 од Законот за основање претпријатија во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/72 и 13/73), во врска со член 19 од Законот за книговодството на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр 48/68, 56/69 и 71/72), сојузниот секретар за финансии издава

## НАРЕДБА

## ЗА ПОДАТОЦИТЕ ВО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО СТРАНСТВО

1. Основните и други организации на здружениот труд, деловните здруженија и деловните банки што основале претпријатија во странство (во натамошниот текст: основачите на претпријатија) се должни за таквите претпријатија во книговодството да обезбедат податоци потребни за составување извештаи за работењето на претпријатијата во странство.

2. Извештајот за работењето на претпријатијата во странство се поднесува за претпријатијата што се основани според одредбите на Законот за основање претпријатија во странство.

3. Извештајот за работењето на претпријатијата во странство се поднесува и за претпријатијата во странство што се во ликвидација или стечај.

4. Годишниот извештај за работењето на претпријатијата во странство основачот на претпријатието им го поднесува во по четири примероци на народната банка на републиката, односно на народната банка на автономната покраина и на Службата на општественото книговодство, на чие подрачје е седиштето на основачот на претпријатието, и тоа најдоцна до 15 март тековната година за претходната година.

5. Годишниот извештај за работењето на претпријатијата во странство содржи:

1) завршна сметка одобрена од надлежниот орган на управувањето на основачот на претпријатието, составен на образецот Биланс на состојбата на претпријатието во странство на 31 декември 197— година (во натамошниот текст: Биланс на состојбата) и на образецот Биланс на успехот на претпријатието во странство од 1 јануари до 31 декември 197— година (во натамошниот текст: Биланс на успехот), а за претпријатијата во странство во кои основачите од Југославија учествуваат со помалку од 30% основачки влог — извештај за деловниот успех на образецот Извештај за деловниот успех остварен по основ на вложување средства од 1 јануари до 31 декември 197— година. Тие обрасци се отпечатени кон оваа наредба и се нејзин составен дел;

2) анализа на работењето на претпријатието во странство;

3) одлука на органот на управувањето на основачот на претпријатието за прифаќање на билансот и за распределбата на добивката ,во смисла на член 12 од Законот за основање претпријатија во странство.

6. Податоците во обрасците од точка 5 на оваа наредба се искажуваат во валутата на домицилната земја во која е основано претпријатието и во динари.

Пресметувањето на валутата во динари се врши според средниот дневен курс што важи на 31 декември на годината за која се поднесува извештајот за работењето на претпријатијата во странство, според курсната листа.

За валутите на земјите во кои се основани претпријатија во странство, а кои не се содржани во курсната листа, Народната банка на Југославија ќе ги извести народните банки на републиките, односно народните банки на автономните покраини и Службата на општественото книговодство на Југославија, најдоцна до 31 јануари тековната година за изминатата година, според кои курсеви треба да се изврши пресметување на домицилните валути во динари.

7. Основачите на претпријатија, покрај годишниот извештај од точка 5 на оваа наредба поднесуваат и еден примерок од завршната сметка, составен според прописите на домицилната земја во која е основано претпријатието, со извештај на ревизиониот орган на таа земја за контрола на завршната сметка, во заверен превод, во рок од 60 дена од денот на извршената контрола од ревизиониот орган.

Во рокот од став 1 на оваа точка основачите на претпријатијата поднесуваат и одлука од органот на управувањето за конечната распределба на добивката.

8. Обрасците од точка 5 под 1) на оваа наредба се пополнуваат врз основа на книговодствените и други евиденции на следниот начин:

1) паричните вредности во колоните 3, 4, 5 и 6 — се искажуваат во странска валута и во динари во полни износи;

2) податоците во колоните 3 и 5 — се внесуваат од соодветните обрасци за претходната година.

На одделни позиции на образецот Биланс на состојбата се искажуваат следните податоци:

1) под редниот број 1 — состојбата на паричните средства во странство, било да се наоѓаат на сметки во банки било како готовина во благајна;

2) под редниот број 2 — состојбата на паричните средства на претпријатијата во странство, што се наоѓаат на сметката на девизниот нерезидент во Југославија;

3) под редниот број 3 — состојбата на средствата содржани во обврзници, акции, меници и други хартии од вредност;

4) под редниот број 4 — сите побарувања од купувачи — основачи на претпријатијата;

5) под редниот број 5 — сите побарувања од други купувачи;

6) под редниот број 6 — сите побарувања од работниците вработени во претпријатието во странство, од работниците вработени кај основачот на претпријатието и други разни побарувања што не се во врска со реализацијата на стоки и услуги;

7) под редниот број 7 — сите побарувања во пресметката, вклучувајќи ги и активните временски разграничувања;

8) под редниот број 14 — загуба што не е покриена;

3) преземена обврска за трансфер на добивката за тековната година во Југославија во смисла на член 8 став 1 точка 5 од Законот за основање претпријатија во странство;

4) детална анализа на резултатите на работењето во споредба со програмата на работењето. Ако претпријатието во странство има загуба или ако не остварува добивка, анализата на работењето содржи оцена на оправданоста за натамошно работење на претпријатието;

5) височина на кредитот и начин на отплатување на кредитот, ако основачот на претпријатието добил странски кредит за вложување во основањето или за дополнително вложување во претпријатието во странство;

6) финансиски план и реализација на тој план (отстапувања и причини за тоа отстапување);

7) список на постојано вработените домашни работници со податоци за: нивната стручна квалификација, височината на месечната плата и височината на разни додатоци кон платата и годината на вработувањето во тоа претпријатие;

8) список на постојано вработените странски лица, со ознака на работното место на кои работат тие.

10. Примените годишни извештаи за работењето на претпријатијата во странство народните банки на републиките, односно народните банки на автономните покраини и надлежната служба на општественото книговодство ќе ги проконтролираат, ќе ги обработат и ќе ги доставаат до Народната банка на Југославија и до Службата на општественото книговодство на Југославија во рокот и на начинот што ќе го пропишат тие.

11. Шестмесечен извештај за работењето на претпријатијата во странство поднесува основачот на претпријатието во рок од 30 дена од денот на истекот на полугодиштето. Извештајот содржи:

1) програма за работењето за тековната година и нејзино извршување за првите 6 месеци;

2) промени настанати во однос на вложените средства на претпријатието во странство (зголемување односно намалување на вложените средства).

12. Непотполните годишни и шестмесечни извештаи за работењето на претпријатијата во странство се сметаат како да не се поднесени.

13 При изработката на завршната сметка за претпријатијата во странство кај кои настанале статусни промени, ќе се постапи сообразно со член 19 од Правилникот за содржината на одделни позиции во билансите на организациите на здружениот труд („Службен лист СФРЈ", бр. 18/73).

14. Годишните извештаи за работењето на претпријатијата во странство за 1974 година основачите на претпријатијата ќе ги поднесат најдоцна до 31 мај 1975 година, а Народната банка на Југославија известувањата за курсевите (точка 6 став 3) ќе ги достави најдоцна до 15 април 1975 година.

15. Техничко упатство за спроведување на оваа наредба, дава по потреба, Народната банка на Југославија.

16 Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за податоците во извештаите за годишното и шестмесечното работење на претпријатијата во странство („Службен лист на СФРЈ" бр. 4/73 и 11/74).

17. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3-3432/1-75
19 март 1975 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Момчило Џемовиќ**, с. р.

---

(фирма)

---  ---

(седиште и држава) (година на основањето)

Број на решението на ССНТ за регистрацијата

---

| | Процент на учеството во влогот на основачот |
|---|---|
| (назив на основачот) | |
| (седиште — место и република, односно автономна покраина) | |
| Сооснувачи: | |
| 1. ——— (ОЗТ — место, република, односно автономна покраина) | ——— |
| 2. ——— (ОЗТ — место, република, односно автономна покраина) | ——— |
| 3. ——— (ОЗТ — место, република, односно автономна покраина) | ——— |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ВО СТРАНСТВО НА 31 ДЕКЕМВРИ 197— ГОДИНА

Пресметка според курсот:
за претходната година ———
за тековната година ———

| Реден број | ЕЛЕМЕНТИ | Износ во странска валута | | Износ во динари | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | во претходната година | во тековната година | во претходната година | во тековната година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | | | | |
| | **I. Обртни средства** | | | | |
| 1 | Парични средства во странство | | | | |
| 2 | Парични средства во Југославија | | | | |
| 3 | Хартии од вредност | | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Побарувања од купувачи — основачи на претпријатието | | | | |
| 5 | Побарувања од други купувачи | | | | |
| 6 | Побарувања од други должници | | | | |
| 7 | Средства во пресметка | | | | |
| 8 | Залихи на материјали и други средства за репродукција | | | | |
| 9 | Залихи на полупроизводи и незавршено производство | | | | |
| 10 | Залихи на готови производи | | | | |
| 11 | Залихи на трговски стоки | | | | |
| 12 | Побарувања по основ на долгорочен пласман | | | | |
| 13 | Други обртни средства | | | | |
| 14 | Загуба | | | | |
| | **II. Основни средства** | | | | |
| 15 | Основни средства по неотпишана вредност | | | | |
| 16 | Основни средства во подготовка | | | | |
| 17 | Основни средства вон од функција | | | | |
| 18 | Други основни средства | | | | |
| | СРЕДСТВА НА РЕЗЕРВИТЕ И ДРУГИ НЕДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | | | | |
| | **I. Средства на резервите** | | | | |
| 19 | Средства на резервите | | | | |
| | **II. Други неделовни средства** | | | | |
| 20 | Други неделовни средства | | | | |
| 21 | Вкупна актива | | | | |
| | ИЗВОРИ НА СРЕДСТВАТА | | | | |
| | **I. Трајни извори на средствата** | | | | |
| 22 | Влог на основачот од Југославија | | | | |
| 23 | Извори на деловните средства од делот на добивката што не можел да се трансферира во Југославија | | | | |
| 24 | Извори на деловните средства од делот на добивката што можел да се трансферира во Југославија | | | | |
| 25 | Влогови на деловните партнери од странство | | | | |
| 26 | Други трајни извори на средства | | | | |
| | **II. Кредити** | | | | |
| 27 | Кредити добиени од основачот на претпријатието од Југославија | | | | |
| 28 | Кредити добиени од други основачи на претпријатието | | | | |
| 29 | Кредити добиени од банки од Југославија | | | | |
| 30 | Кредити добиени од други банки | | | | |
| 31 | Други кредити | | | | |
| | **III. Доверители** | | | | |
| 32 | Обврски за трансфер на добивката на основачите на претпријатието од Југославија | | | | |
| 33 | Обврски спрема доверителите во Југославија — основачи на претпријатието | | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 34 | Обврски спрема другите доверители во Југославија | | | | |
| 35 | Обврски спрема другите доверители | | | | |
| 36 | Средства во пресметка | | | | |
| | **IV. Извори на средствата на резервите и друга пасива** | | | | |
| 37 | Извори на средствата на резервите | | | | |
| 38 | Друга пасива | | | | |
| 39 | Вкупна пасива | | | | |

На ———————— 197— година

————————————

(потпис на раководителот на сметководството на основачот на претпријатието)

Име и презиме на раководителите на претпријатието во странство:

1) на директорот ————————

2) на раководителот на сметководството ————————

————————————

(потпис на директорот на основачот на претпријатието)

————————————

(фирма)

————————

(седиште и држава)

————————

(година на основањето)

Број на решението на ССНТ за регистрацијата

————————————

————————————

(назив на основачот)

————————————

(седиште — место и република, односно автономна покраина)

Процент на учеството во влогот на основачот

————

Сооснователи:

1. ———————— ————

(ОЗТ — место, република, односно автономна покраина)

2. ———————— ————

(ОЗТ — место, република, односно автономна покраина)

3. ———————— ————

(ОЗТ — место, република, односно автономна покраина)

## БИЛАНС НА УСПЕХОТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ВО СТРАНСТВО ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 197— ГОДИНА

Пресметка според курсот:

за претходната година ————————

за тековната година ————————

| Реден број | ЕЛЕМЕНТИ | Износ во странска валута | | Износ во динари | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | во претходната година | во тековната година | во претходната година | во тековната година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | УТВРДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА | | | | |
| | **I. Расходи** | | | | |
| 1 | Залихи на незавршено производство, полупроизводи и готови производи на почетокот на годината | | | | |
| 2 | Потрошени материјали и услуги од добавувачи од Југославија | | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Потрошени материјали и услуги од други добавувачи | | | | |
| 4 | Други трошоци на работењето | | | | |
| 5 | Амортизација | | | | |
| 6 | Плати на работниците од Југославија | | | | |
| 7 | Плати на другите работници | | | | |
| 8 | Други лични примања на работниците од Југославија | | | | |
| 9 | Други лични примања на другите работници | | | | |
| 10 | Разни исплати на работниците на основачот на претпријатието | | | | |
| 11 | Данок и други фискални обврски од вкупниот приход | | | | |
| 12 | ВКУПНО 1 до 11 | | | | |
| 13 | Набавна вредност на реализираните трговски и други стоки од Југославија | | | | |
| 14 | Набавна вредност на другите реализирани трговски и други стоки | | | | |
| 15 | Вонредни расходи | | | | |
| 16 | ВКУПНО (12 до 15) | | | | |
| 17 | Залихи на незавршено производство, полупроизводи и готови производи на крајот на годината | | | | |
| 18 | ВКУПНО (16 минус 17) | | | | |
| 19 | ДОБИВКА (27 минус 18) | | | | |
| 20 | ВКУПНО (18+19) | | | | |
| | **II. Приходи** | | | | |
| 21 | Реализација на производи и услуги | | | | |
| 22 | Реализација на трговски и други стоки | | | | |
| 23 | Приходи од камати | | | | |
| 24 | Приходи од заеднички работи | | | | |
| 25 | ДРУГИ ПРИХОДИ | | | | |
| 26 | ВОНРЕДНИ ПРИХОДИ | | | | |
| 27 | ВКУПЕН ПРИХОД (21 до 26) | | | | |
| 28 | ЗАГУБА (18 минус 27) | | | | |
| 29 | ВКУПНО (27+28=20) | | | | |
| | РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА | | | | |
| | РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА СПОРЕД НАМЕНИТЕ | | | | |
| 30 | Добивка (реден број 19) | | | | |
| 31 | Зголемување на добивката | | | | |
| 32 | Намалување на добивката | | | | |
| 33 | Добивка за распределба | | | | |
| 34 | Данок на добивка (или од добивката) | | | | |
| 35 | Трошоци што според прописите на домицилната земја се покриваат од добивката | | | | |
| 36 | Дел од добивката што им припаѓа на деловните партнери | | | | |
| 37 | Остаток од добивката што му припаѓа на основачот на претпријатието | | | | |
| 38 | Дел од добивката што се припишува кон основачкиот влог | | | | |
| 39 | Дел од добивката за трансфер во Југославија според обврската во смисла на член 8 став 1 точка 5 од Законот за основање претпријатија во странство | | | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Остаток од добивката за трансфер во Југославија | | | | |
| 41 | Дел од добивката за резерви | | | | |
| 42 | Дел од добивката за други намени | | | | |
| 43 | ВКУПНО (34 до 42 = 33) | | | | |
| | ПОКРИТИЕ НА ЗАГУБАТА | | | | |
| 44 | Загуба (реден број 28) | | | | |
| 45 | Зголемување на загубата | | | | |
| 46 | Намалување на загубата | | | | |
| 47 | ВКУПНО (44 до 46) | | | | |
| 48 | Покритие на загубата на товар на резервите | | | | |
| 49 | Покритие на загубата на товар на влогот на деловните партнери од странство | | | | |
| 50 | Покритие на загубата на товар на влогот на основачите на претпријатието од Југославија | | | | |
| 51 | Покритие на загубата на товар на доверителите | | | | |
| 52 | Покритие на загубата на товар на другите извори | | | | |
| 53 | Непокриена загуба | | | | |
| 54 | ВКУПНО (48 до 53) | | | | |
| | ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ | | | | |
| 1 | Просечен број работници од Југославија врз база на состојбата на крајот на месецот | | | | |
| 2 | Просечен број други работници врз база на состојбата на крајот на месецот | | | | |
| 3 | Исплати од сметката на девизниот нерезидент во Југославија:<br>— вкупни исплати<br>— исплати на граѓански лица | | | | |
| 4 | Вкупно остварена добивка од основањето на претпријатието во странство до крајот на годината за која се поднесува завршна сметка | | | | |
| 5 | Вкупно трансферирана добивка од основањето на претпријатието во странство до крајот на годината за која се поднесува завршна сметка | | | | |
| 6 | Вкупно употребената добивка за основање на нови претпријатија или асоцијации | | | | |
| 7 | Вредност на извозот од Југославија | | | | |
| 8 | Вредност на увозот во Југославија | | | | |
| 9 | Вкупен промет на стоки и услуги со други земји | | | | |
| 10 | Вредност на увозот на стоки и услуги извршен од основачот на претпријатието | | | | |
| 11 | Вредност на извозот на стоки и услуги извршен на основачот на претпријатието | | | | |

На ———————————— 197— година

———————————————

(потпис на раководителот на сметководството на основачот на претпријатието во Југославија)

Име и презиме на раководителите на претпријатието во странство:

1) на директорот ————————————

2) на раководителот на сметководството ————

———————————————

(потпис на директорот на основачот на претпријатието)

| (фирма) | | (назив на вложувачот) | Процент на учеството во влогот на основачот |
|---|---|---|---|
| (седиштe и држава) | (година на вложувањето) | (седиште — место и република, односно автономна покраина) | |

Број на решението на ССНТ за регистрацијата ——

ИЗВЕШТАЈ ЗА ДЕЛОВНИОТ УСПЕХ ОСТВАРЕН ПО ОСНОВ НА ВЛОЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 197— ГОДИНА

Пресметка според курсот:
за 197— година
за 197— година

| Реден број | ЕЛЕМЕНТИ | Износ во странска валута | | Износ во динари | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | во претходната година | во тековната година | во претходната година | во тековната година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | **I. Средства** | | | | |
| 1 | Парични средства во странство | | | | |
| 2 | Хартии од вредност | | | | |
| 3 | Друг имот во странство | | | | |
| | **II. Извори** | | | | |
| 4 | Влог на основачот од Југославија | | | | |
| 5 | Кредити од Југославија | | | | |
| 6 | Други извори по основ на вложување на средства од Југославија | | | | |
| | **III. Добивка** | | | | |
| 7 | Остварена добивка | | | | |
| | **IV. Распределба на добивката** | | | | |
| 8 | Данок на добивка (или од добивката) | | | | |
| 9 | Дел од добивката за трансфер во Југославија по обврска во смисла на член 8 став 1 точка 5 од Законот за основање претпријатија во странство | | | | |
| 10 | Друга добивка што ќе се трансферира во Југославија | | | | |
| 11 | Дел од добивката за други намени | | | | |

На ——————————— 197— година

(потпис на раководителот на сметководството на вложувачот)

(потпис на директорот на вложувачот)

**215.**

Врз основа на член 59 став 1. во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „WELT AM SONNTAG“

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Welt am Sonntag“, број 6 од 9 февруари 1975 година, што излегува на германски јазик во Хамбург Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/342
25 февруари 1975 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Фрањо Херљевиќ**, с. р.

**216.**

Врз основа на член 59 став 1. во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „DER SPIEGEL“

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на списанието „Der Spiegel“, број 6 од 3 февруари 1975 година, што излегува во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/239
26 февруари 1975 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Фрањо Херљевиќ**, с. р.

**217.**

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „DIE PRESSE"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Die Presse", број 8048 од 30 јануари 1975 година, што излегува на германски јазик во Виена, Австрија.

Бр. 650-1-2/170
13 март 1975 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

**218.**

Врз основа на член 137 во врска со член 58 став 3 од Законот за основите на системите за врски („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/74), директорот на Сојузната управа за радиоврски пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА АМАТЕРСКИТЕ РАДИОСТАНИЦИ И ЗА УСЛОВИТЕ ЗА НИВНО КОРИСТЕЊЕ

#### I. Општи одредби

Член 1

Видовите на аматерските радиостаници и условите за поставување и користење на такви станици се определуваат со овој правилник.

Како аматерска радиостаница, во смисла на овој правилник, се подразбира радиостаница со еден или повеќе приемници, предаватели или примопредаватели, што членовите на организациите на радиоаматерите и организациите на радиоаматерите ја користат за обука, за одржување на радиоврски и технички истражувања во областа на електрониката и телекомуникациите, без лична материјална корист.

Аматерските радиостаници се користат и за општествено корисни и хуманитарни цели, како и за потреби на општонародната одбрана и на заштитата.

Член 2

Аматерските радиостаници можат да бидат клупски аматерски радиостаници и лични аматерски радиостаници.

Клупските аматерски радиостаници ги поставуваат и ги користат сојузните, републичките, покраинските и регионалните организации на радиоаматерите и радиоклубовите.

Личните аматерски радиостаници ги поставуваат и ги користат членовите на организациите на радиоаматерите.

Аматерските репетиторски радиостаници можат да бидат само клупски аматерски радиостаници и можат да се поставуваат само врз основа на план што го утврдува Сојузот на радиоаматерите на Југославија.

Член 3

Аматерските радиостаници можат да ги користат само оние членови на организациите на радиоаматерите, што имаат овластување за работа.

Личните аматерски радиостаници можат да ги користат и членовите на потесното семејство на имателот на лична аматерска радиостаница, под условите определени со овој правилник.

#### II. Технички карактеристики на аматерските радиостаници

Член 4

Зависно од локацијата, аматерските радиостаници можат да бидат постојани и подвижни.

Постојаните аматерски радиостаници за време на работата имаат постојана локација.

Подвижни аматерски радиостаници се оние што за време на работата се наоѓаат во движење. Подвижните аматерски радиостаници можат да бидат сместени во возило, пловен објект или воздухоплов.

Аматерските радиостаници можат да бидат и преносни.

Член 5

Аматерските радиостаници можат да користат фреквенциски опсези и видови на емисии според следниот распоред:

| Реден број | Фреквенциски опсег | Вид на емисијата | Намена | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | од 3.500 до 3.510 kHz | 101 A1A 111 | Исклучиво за интерконтинентални врски | Во овој опсег аматерската служба и постојаната и подвижната служба се служби со исто право на првенство |
| 2 | од 3.510 до 3.790 kHz | 101 A1A 111<br>401 A1B 112<br>401 A1C 112 | | |
| 3 | од 3 600 до 3.790 kHz | 602 A3V 31<br>602 D3V 31<br>302 H3V 31<br>302 E3V 31<br>302 J3V 31<br>602 B3V 31<br>602 F3V 31<br>602 F5T 513 | | <br><br><br><br><br><br>(1)<br>(2) |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 4 | од 3.580 до 3.620 kHz | 172 F1B 112<br>172 F1C 112 | | |
| 5 | од 3.565 до 3.575 kHz | 101 A1A 111 | | |
| 6 | од 3.790 до 3.800 kHz | 101 A1A 111<br>401 A1B 112<br>401 A1C 112<br>302 J3V 31 | Исклучиво за интер-континентални врски | |
| 7 | од 7.000 до 7.100 kHz | 101 A1A 111<br>401 A1B 112<br>401 A1C 112 | | |
| 8 | од 7.040 до 7.100 kHz | 602 A3V 31<br>602 S3V 31<br>302 H3V 31<br>302 E3V 31<br>302 J3V 31<br>602 B3V 31<br>602 F3V 31<br>602 F5T 513<br>602 C5T 513 | | (1)<br>(2) |
| 9 | од 7.035 до 7.045 kHz | 172 F1B 112<br>172 F1C 112 | | |
| 10 | од 14.000 до 14.350 kHz | 101 A1A 111<br>401 A1B 112<br>401 A1C 112 | | |
| 11 | од 14.100 до 14.350 kHz | 602 A3V 31<br>602 D3V 31<br>302 H3V 31<br>302 J3V 31<br>302 E3V 31<br>602 B3V 31<br>602 F3V 31 | | (1) |
| 12 | од 14.200 до 14.350 kHz | 602 A5T 513<br>602 F5T 513 | | (2)<br>(2) |
| 13 | од 14.080 до 14.100 kHz | 172 F1B 112<br>172 F1C 112 | | |
| 14 | од 21.000 до 21.450 kHz | 101 A1A 111<br>401 A1B 112<br>401 A1C 112 | | |
| 15 | од 21.150 до 21.450 kHz | 602 A3V 31<br>602 D3V 31<br>302 H3V 31<br>302 E3V 31<br>302 J3V 31<br>602 B3V 31<br>602 F3V 31 | | (1) |
| 16 | од 21.300 до 21.450 kHz | 602 A5T 513<br>602 F5T 513 | | (2)<br>(2) |
| 17 | од 21.080 до 21.120 kHz | 172 F1B 112<br>172 F1C 112 | | |
| 18 | од 28.000 до 29.700 kHz | 101 A1A 111<br>401 A1B 112<br>401 A1C 112 | | |
| 19 | од 28.200 до 29.700 kHz | 602 A3V 31<br>602 D3V 31<br>302 H3V 31<br>302 E3V 31<br>302 J3V 31<br>602 B3V 31<br>602 F3V 31 | | (1) |
| 20 | од 28 600 до 29 600 kHz | 602 A5T 513<br>602 F5T 513 | | (2)<br>(2) |
| 21 | од 28.050 до 28.150 kHz | 172 F1B 112<br>172 F1C 112 | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 22 | од 29.400 до 29.550 kHz | 101 A1A 111<br>401 A1B 112<br>401 A1C 112<br>172 F1B 112<br>172 F1C 112<br>302 J3V 31<br>302 F3V 31<br>302 H3V | Препорачано за врски преку сателит | |
| 23 | од 29.600 до 29.700 kHz | 101 A1A 111<br>602 A3V 31<br>602 D3V 31<br>602 F3V 31 | | (1) |
| 24 | од 29 650 до 29.700 kHz | сите видови емисии | Исклучиво за телекоманда | |
| 25 | од 144.000 до 145.845 MHz | 101 A1A 111<br>401 A1B 112<br>401 A1C 112 | | |
| 26 | од 144.150 до 145.845 MHz | 602 A3V 31<br>602 D3V 31<br>302 H3V 31<br>302 E3V 31<br>302 J3V 31<br>602 B3V 31<br>242 A2A 111<br>602 A4W 41<br>172 F1B 112<br>253 F3V 31<br>253 F4W 41<br>602 F5T 513<br>253 F2B 112<br>253 F2C 112 | | (2) |
| 27 | од 145.845 до 146.000 MHz | 101 A1A 111<br>401 A1B 112<br>401 A1C 112<br>172 F1B 112<br>172 F1C 112<br>302 J3V 31<br>253 F3V 31<br>302 H3V 31 | Иклучиво за сателитски врски и за други врски во просторот | |
| 28 | од 145 000 до 145.225 MHz | 253 F3V 31<br>253 F3Q 32 | Приемни фреквенции на репетиторот | (3) |
| 29 | од 145.500 до 145.600 MHz | 253 F3V 31<br>253 F3Q 32 | Симплекс-канали | (4) |
| 30 | од 145.600 до 145 825 MHz | 253 F3V 31<br>253 F3Q 32 | Предавателни фреквенции | (3) |
| 31 | 144.150 MHz | 401 A1B 112<br>401 A1C 112<br>172 F1B 112<br>172 F1C 112<br>253 F2B 112<br>253 F2C 112<br>242 A2B 112<br>242 A2C 112<br>000 H0D 031 | Регионални радиофарови | |
| 32 | 144.200 MHz | 302 J3V 31 | Централна повикувачка фреквенција за еднобочна телефонија | |
| 33 | 144 600 MHz | 172 F1B 112<br>172 F1C 112<br>253 F2B 112<br>253 F2C 112 | Централна фреквенција на радиотелепринтер (далечни врски) | |
| 34 | 145.300 MHz | 172 F1B 112<br>172 F1C 112<br>253 F2C 112<br>253 F2B 112 | Централна фреквенција на радиотелепринтер (локална работа) | |
| 35 | 145.500 MHz | 253 F3V 31<br>253 F3Q 31 | Повикувачка фреквенција на подвижни радиостаници | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | |
|---|---|---|---|---|---|
| 36 | од 430.000 до 432.000 MHz | сите видови емисии, освен импулсните емисии | | Во овој опсег аматерската служба и службата за радиолокализација се служби со исто право на првенство | |
| 37 | од 432.000 до 433.500 MHz | 101 A1A 111<br>401 A1B 112<br>401 A1C 112 | | " | |
| 38 | од 432 150 до 433.500 MHz | 242 A2A 111<br>602 A3V 31<br>602 B3V 31<br>602 D3V 31<br>302 H3V 31<br>302 E3V 31<br>302 J3V 31<br>602 A4W 41<br>172 F1B 112<br>172 F1C 112<br>253 F2B 112<br>253 F2C 112<br>253 F3V 31<br>253 F3W 41<br>000 H0D 031 | | " | |
| 39 | од 433 500 до 440.000 MHz | 405 C5T 513<br>754 F3M 31 | Аматерска телевизија | " | |
| 40 | од 435.000 до 438.000 MHz | сите видови емисии, освен импулсните емисии | Аматерски врски во просторот | " | |
| 41 | од 432.000 до 432.200 MHz | 101 A1A 111<br>401 A1B 112<br>401 A1C 112<br>172 E1B 112<br>172 F1C 112<br>302 J3V 31<br>302 H3V 31<br>253 F3V 31 | Препорачано за врски преку сателит | " | |
| 42 | од 431 000 до 431.500 MHz | 253 F3V 31<br>253 F3Q 32 | Приемни фреквенции на репетиторот | " | (5) |
| 43 | од 433 000 до 433 300 MHz | 253 F3V 31<br>253 F3Q 32 | Симплекс-канали | " | |
| 44 | од 438 600 до 439.100 MHz | 253 F3V 31<br>253 F3Q 32 | Предавателни фреквенции на репетиторот | " | (5) |
| 45 | од 439 100 до 440.000 MHz | сите видови емисии | За телекоманда | " | |
| 46 | 432.050 MHz | 401 A1B 112<br>401 A1C 112<br>242 A2B 112<br>242 A2C 112<br>253 F2B 112<br>253 F2C 112<br>172 F1B 112<br>172 F1C 112<br>000 H0D 031 | Регионални радиофарови | " | |
| 47 | 432 200 MHz | 302 J3V 31 | Централна повикувачка фреквенција за еднобочна телефонија | " | |
| 48 | 432 600 MHz | 172 F1B 112<br>172 F1C 112<br>253 F2B 112<br>253 F2C 112 | Централна фреквенција на радиотелепринтер (далечни врски) | " | |
| 49 | 433 300 MHz | 172 F1B 112<br>172 F1C 112<br>253 F2B 112<br>253 F2C 112 | Централна фреквенција на радиотелепринтер (локална работа) | " | |
| 50 | 435 000 MHz | 253 F3V 31<br>253 F3Q 31 | Централна фреквенција, фреквенциски модулиран симплекс | " | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 51 | од 1 250.000 до 1 296.000 MHz | сите видови емисии | | Во овој опсег аматерската служба е секундарна во однос на службата за радио-локализација која е служба со право на првенство |
| 52 | од 1 296.000 до 1 296.150 MHz | 101 A1A 111<br>401 A1B 112<br>401 A1C 112 | | " |
| 53 | од 1 296.150 до 1 298.000 MHz | сите видови емисии | | " |
| 54 | 1 296.050 MHz | 401 A1B 112<br>401 A1C 112<br>172 F1B 112<br>172 F1C 112<br>242 A2B 112<br>242 A2C 112<br>253 F2B 112<br>253 F2C 112<br>000 H0D 031 | Регионални радиофарови | " |
| 55 | 1 296.200 MHz | 302 J3V 31 | Централна повикувачка фреквенција за еднобочна телефонија | " |
| 56 | 1 296.600 MHz | 172 F1B 112<br>172 F1C 112<br>253 F2B 112<br>253 F2C 112 | Централна фреквенција на радиотелепринтер (далечни врски) | " |
| 57 | 1 297.300 MHz | 172 F1B 112<br>172 F1C 112<br>253 F2B 112<br>253 F2C 112 | Централна фреквенција на радиотелепринтер (локална работа) | " |
| 58 | од 1 298.000 до 1 300.000 MHz | сите видови емисии | | " |
| 59 | од 2 400.000 до 2 450.000 MHz | сите видови емисии | | Во овој опсег аматерската служба е секундарна во однос на другите служби |
| 60 | од 5.65 до 5.775 GHz | сите видови емисии | | " |
| 61 | од 10.250 до 10.500 GHz | сите видови емисии | | " |

Видовите на емисиите се означени според прописот за означување на радиоемисиите.

Забелешки:

(1) Видот на емисиите 602 F3V е теснопојасна фреквенциска модулација со максимална вкупна широчина на фреквенцискиот опсег не поголема од широчината на фреквенцискиот опсег на амплитудно-модулираниот телефонски сигнал.

(2) Видовите на емисиите 602 A5T и 602 F5T означуваат телевизиски пренос со забавено исцртување на сликата (slow-scan TV) со тоа што максималната широчина на пренесуваниот фреквенциски опсег да не ја преминува широчината на фреквенцискиот опсег на сигналот од видот на емисиите 302 J3 при преносот на сликата, односно широчината на сигналот од видот на емисијата 602 A3 при симултано пренесување на сликата и тонот.

(3) Планот на приемните и предавателните фреквенции на репетиторот е даден во следната табела:

Во фреквенцискиот опсег од 144,000 до 146,000 MHz, репетиторските канали се:

| Ознака на каналот | Приемна фреквенција (MHz) | Предавателна фреквенција (MHz) |
|---|---|---|
| R0 | 145,000 | 145,600 |
| R1 | 145,025 | 145 625 |
| R2 | 145 050 | 145,650 |
| R3 | 145.075 | 145,675 |
| R4 | 145.100 | 145.700 |
| R5 | 145,125 | 145.725 |
| R6 | 145,150 | 145.750 |
| R7 | 145,175 | 145,775 |
| R8 | 145 200 | 145,800 |
| R9 | 145.225 | 145,825 |

(4) Планот на симплекс-каналите е даден во следната табела:

Во фреквенцискиот опсег од 144,00 до 146,00 MHz симплекс-канали се:

| Ознака на каналот | Фреквенција (MHz) |
|---|---|
| S20 | 145.500 |
| S21 | 145,525 |
| S22 | 145 550 |
| S23 | 145,575 |

(5) Планот на приемните и на предавателните фреквенции на репетиторот е даден во следната табела

Во фреквенцискиот опсег од 430,000 до 438,000 MHz репетиторски канали се:

| Ознака на каналот | Приемна фреквенција (MHz) | Предавателна фреквенција (MHz) |
|---|---|---|
| R70 | 431,050 | 438,650 |
| R72 | 431.100 | 438,700 |
| R74 | 431.150 | 438,750 |
| R76 | 431,200 | 438,800 |
| R78 | 431,250 | 438,850 |
| R80 | 431,300 | 438,900 |
| R82 | 431.350 | 438,950 |
| R84 | 431,400 | 439,000 |
| R86 | 431,450 | 439.050 |

Член 6

Аматерската радиостаница треба да биде изработена така што во поголема мера да обезбедува стабилност на фреквенцијата и нивото на споредните зрачења да биде во границите што овозможуваат технички развој на аматерските радиоуреди.

Не е дозволена употреба на аматерски радиостаници што со своето штетно зрачење ја попречуваат работата на други радиостаници и радиослужби.

Член 7

Органот на управата надлежен за издавање дозвола за работата на аматерска радиостаница може на одделни аматерски радиостаници да им ја ограничи максимално употребената сила на излезниот степен на предавателот и времето на работата, ако е тоа потребно заради спречување пречки во радиосообраќајот.

## III. Категории на аматерски радиостаници

Член 8

Аматерските радиостаници, зависно од силата, од фреквенцискиот опсег и од видот на емисијата, можат да бидат од категориите A, B, C, D, E, F, и G.

Аматерските радиостаници од A, B, D, E, F или G категорија можат да се поставуваат како клупски и лични, а аматерските радиостаници од C категорија и радиостаниците од член 32 став 2 на овој правилник можат да се поставуваат само како клупски аматерски радиостаници.

Член 9

Аматерската радиостаница од A категорија може да работи на сите аматерски фреквенциски опсези и на сите видови емисии од член 5 на овој правилник, со користење на максималната излезна сила на предавателот од 2,0 kW.

Аматерската радиостаница од B категорија може да работи на сите аматерски фреквенциски опсези и на сите видови емисии од член 5 на овој правилник, со користење на максималната излезна сила на предавателот од 0,250 kW.

Аматерската радиостаница од C категорија може да работи на аматерски фреквенциски опсези и видови емисии определени под редните броеви од 1 до 9 и од 25 до 61 на распоредот определен во член 5 на овој правилник, со користење на максималната излезна сила на предавателот од 0,250 kW.

Аматерската радиостаница од D категорија може да работи на аматерски фреквенциски опсези и видови емисии определени под редните броеви од 25 до 61 на распоредот определен во член 5 на овој правилник, со користење на максималната излезна сила на предавателот од 0,100 kW.

Аматерската радиостаница од E категорија може да работи на аматерски фреквенциски опсези определени под редните броеви од 25 до 61 на распоредот определен во член 5 на овој правилник и на видовите емисии што ги карактеризира типот на завршниот модулационен сигнал означен со „3“ во тој распоред, со користење на максималната излезна сила на предавателот од 0,050 kW.

Аматерската радиостаница од F категорија може да работи на аматерски фреквенциски опсези и видови емисии определени под редниот број 5 на распоредот определен во член 5 на овој правилник, со користење на максималната излезна сила на предавателот од 0,010 kW.

Основната фреквенција на аматерска радиостаница од F категорија мора да биде контролирана со кристал на кварц. Тие радиостаници служат за обука на радиоаматери.

Аматерската радиостаница од G категорија може да работи на аматерски фреквенциски опсези и видови емисии определени под редните броеви 24 и 45 на распоредот определен во член 5 на овој правилник, со користење на максималната излезна сила на предавателот од 0,010 kW. Тие аматерски радиостаници се користат исклучиво за телекоманда.

Член 10

Аматерските радиостаници од A категорија можат да работат и со сила поголема од силата утврдена во член 9 на овој правилник под условите што ги утврдува надлежниот орган.

## IV. Повикувачки знаци на аматерски радиостаници

Член 11

Повикувачкиот знак на аматерска радиостаница се состои од префиксот што го сочинуваат буквите „YU“ и „YT“, од една цифра што ја означува републиката во која на аматерската радиостаница ѝ е издадена дозвола за работа и од една до три букви од абецеда.

Републиките се означуваат со следните цифри:

Цифра 1 (еден) СР Србија со автономните покраини Косово и Војводина

Цифра 2 (два) СР Хрватска

Цифра 3 (три) СР Словенија

Цифра 4 (четири) СР Босна и Херцеговина

Цифра 5 (пет) СР Македонија

Цифра 6 (шест) СР Црна Гора.

Цифрите 7, 8 и 9 претставуваат резервни цифри и можат да се користат само за посебни означувања.

Повикувачкиот знак на аматерската радиостаница што работи за потребите на органите на Сојузот на радиоаматерите на Југославија или со својата функционална работа учествува во одделни акции и манифестации од сојузно значење, има цифра 0 (нула).

Член 12

Кон повикувачкиот знак на подвижна аматерска радиостаница се додаваат, и тоа:

1) дропкина црта и буква „М“, ако станицата се наоѓа на возило;

2) дропкина црта и букви „ММ“, ако станицата се наоѓа на пловен објект;

3) дропкина црта и букви „АМ“, ако станицата се наоѓа на воздухоплов.

Ако подвижната аматерска радиостаница работи надвор од територијата на републиката во која и́ е издадена дозвола за работа, кон повикувачкиот знак на таа подвижна аматерска радиостаница се додаваат и дропкина црта и цифра што ја означува онаа република на чија територија таа станица работи (на пример: YU1YY/M3).

Кон повикувачкиот знак на преносна аматерска радиостаница се додаваат дропкина црта и буква „Р“.

Член 13

Ако постојана аматерска радиостаница работи надвор од постојаната локација, во републиката во која и́ е издадена дозвола за работа, кон повикувачкиот знак на таа станица се додаваат дропкина црта и цифра што ја означува таа република (на пример: YU2XX/2).

Ако постојана аматерска радиостаница работи надвор од републиката во која и́ е издадена дозвола за работа, кон повикувачкиот знак на таа станица се додаваат дропкина црта и цифра што ја означува онаа република на чија територија работи аматерската радиостаница (на пример: YU1ZZ/3).

Член 14

Ако на аматерската радиостаница работи член од потесното семејство на член на организацијата на радиоаматерите, кон повикувачкиот знак на аматерската радиостаница се додаваат дропкина црта и буква X или Y (на пример: YU3ZZ/Y).

## V. Услови за поставување на аматерска радиостаница

Член 15

Аматерска радиостаница може да се набави или нејзината изработка да се договори, односно да се постави само врз основа на претходно добиена дозвола за поставување на аматерска радиостаница.

Во барањето за добивање дозвола за поставување на аматерска радиостаница мора да се наведе видот на аматерската радиостаница, категоријата на аматерската радиостаница и точната локација.

Дозволата за поставување на аматерска радиостаница се издава со рок на важење од 6 месеци до 2 години.

Ако во рокот од став 3 на овој член не се постави аматерската радиостаница, важењето на дозволата за поставување на аматерска радиостаница може да се продолжи.

Одредбите на ст. 1 до 4 на овој член не се однесуваат на аматерските радиостаници од член 32 став 2 на овој правилник.

Член 16

Аматерската радиостаница се поставува во објект на организацијата на радиоаматерите, односно на радиоклуб (клупска аматерска радиостаница) или во објект на корисникот на аматерската радиостаница (лична аматерска радиостаница).

Подвижна аматерска радиостаница се поставува во возило, пловен објект или воздухоплов.

Член 17

По извршеното поставување, се врши технички преглед на аматерската радиостаница.

Со техничкиот преглед на аматерската радиостаница се проверуваат техничките карактеристики и другите услови од дозволата за поставувањето, што обезбедуваат нормална работа на аматерската радиостаница, односно со своето штетно зрачење таквата станица да не ја попречува работата на другите радиослужби.

Член 18

Ако со техничкиот преглед се утврди дека аматерската радиостаница е поставена според условите од дозволата за поставување и дека со своето штетно зрачење не ја попречува работата на другите радиослужби, на таквата станица и́ се издава дозвола за работа.

Член 19

Дозволата за работата на аматерската радиостаница мора да содржи особено:

1) назив и седиште на организацијата на радиоаматерите, односно име, презиме и живеалиште на лицето на кое му се одобрува работа на аматерската радиостаница;

2) категорија на аматерската радиостаница:

3) време на работата;

4) локација, односно подвижен објект на сместувањето на аматерската радиостаница;

5) повикувачки знак;

6) технички податоци за аматерската радиостаница со кои се располага (тип на радиостаницата, фреквенциски опсези со кои располага, максимална расположива сила, вид емисија, напон и сила на напојувањето и др.).

Дозволата за работа мора да содржи и рубрики во кои се внесуваат измени и дополненија на податоците што се однесуваат на предавателите, категоријата на станицата, локацијата и др.

Член 20

Барањето за добивање дозвола за работа на клупска аматерска радиостаница или на лична аматерска радиостаница му се поднесува на органот на управата надлежен за издавање дозвола за работа на аматерска радиостаница преку републичкиот, односно покраинскиот орган на сојузот на радиоаматерите.

Член 21

Барањето за добивање дозвола за работа на клупска аматерска радиостаница, покрај податоците од член 19 став 1 на овој правилник, треба да содржи и податок за бројот на членовите на радиоклубот, односно на организацијата на радиоаматерите, оспособени за работа на аматерска радиостаница.

Кон барањето мора да се приложи препис на решението од надлежниот орган за внатрешни работи за одобрување на основањето и работата на радиоклубот, односно на организацијата на радиоаматерите.

Член 22

Дозвола за работа на клупска аматерска радиостаница може да се издаде, ако за работата на таа радиостаница постојат најмалку двајца аматерски радиооператори.

Дозвола за работа на лична аматерска радиостаница може да им се издаде на членовите на сојузот на радиоаматерите што наполниле осумнаесет години возраст.

По исклучок од став 2 на овој член, на аматерските радиостаници од C и F категорија можат да работат и радиоаматери помлади од 18 години.

За клупските аматерски радиостаници од член 32 став 2 на овој правилник нема да се издаваат дозволи за работа.

Член 23

Дозвола за работа на аматерска радиостаница се издава по извршениот технички преглед на станицата.

Дозвола за работа на аматерска радиостаница се издава со рок на важење до пет години, со тоа што важењето на дозволата може да се продолжува.

Член 24

Дозволата за работа на аматерска радиостаница престанува да важи

1) со отказ на работата на аматерската радиостаница;

2) со расходување на аматерската радиостаница;

3) со истекот на важењето на дозволата за работа;

4) со престанокот на постоењето на радиоклубот, односно на организацијата на радиоаматерите што е носител на правата за користење на аматерската радиостаница;

5) со престанокот на членството во организацијата на радиоаматерите — на сопственикот на аматерска радиостаница;

6) со забрана на работата на аматерската радиостаница.

Дозволата за работа на аматерската радиостаница му се враќа на органот на управата што ја издал дозволата во рок од триесет дена од денот на настапувањето на некоја од околностите од став 1 на овој член

## VI. Услови за работа на аматерска радиостаница

Член 25

Повикувачки знак на аматерската радиостаница мора да се дава на почетокот и на крајот на секоја емисија, а во подолги емисии — најмалку на секои десет минути.

Приспособување на излезниот степен на предавателот мора да се врши на слободна фреквенција во рамките на аматерските фреквенциски опсези, а приспособувањето кон работната фреквенција мора да се врши без вклучен излезен степен на предавателот.

Член 26

Ако емитирањето се врши надвор од локацијата на постојана аматерска радиостаница, за тоа мора да се извести органот на управата надлежен за издавање дозвола за работа на таква радиостаница, преку републичкиот, односно покраинскиот орган на сојузот на радиоаматерите, најдоцна на десет дена пред денот на почетокот на емисијата, со назначување на привремената локација.

Известување за привремено емитирање надвор од постојаната локација е должен да поднесе радиоклубот, односно организацијата на радиоаматерите за својата клупска аматерска радиостаница, а радиооператорот за својата лична аматерска радиостаница.

По исклучок од став 2 на овој член, известување за емитирањето надвор од постојаната локација не се поднесува, ако емитирањето се врши во рамките на акција или натпреварување на радиоаматери што не траат подолго од седумдесет и два часа.

Член 27

Во емисиите на аматерски радиостаници може да се употребува само отворен слог, односно говор на аматерската меѓународна кратенка и Q — код.

Член 28

Ако аматерската радиостаница предизвикува пречки во работата на други радиослужби, а со радиомерење се утврди дека пречките потекнуваат поради неисправност на таквата станица, органот што ја издал дозволата за работа ќе и ја забрани работата на аматерската радиостаница додека не ќе се отстранат причините на пречките.

Член 29

Со аматерските радиостаници можат да се воспоставуваат меѓусебни врски на радиоаматери во земјата и странство, и тоа исклучиво заради размена на технички информации за радиоаматерската активност, за лични соопштувања или соопштувања во врска со итна помош од хуман карактер.

Член 30

Со аматерски радиостаници не смее да се врши радиосообраќај што спаѓа во надлежноет на други радиослужби, ниту аматерска радиостаница смее да се користи за комерцијални цели.

Во исклучителни случаи, аматерски радиостаници можат да вршат пренесување на информации за потребите на органи и организации, ако такво пренесување организира организација на радиоаматерите.

Член 31

На лична аматерска радиостаница, со одобрение на имателот на дозвола за работа, можат да работат и други аматерски радиооператори, под услов да работат со видовите емисии, излезната сила на предавателот и фреквенциските опсези што им одговараат на нивните радиооператорски класи.

По исклучок, аматерските радиооператори што имаат радиооператорска класа за работа на аматерски радиостаници од C категорија, не смеат да работат на лични аматерски радиостаници.

Имателот на дозвола за работа на лична аматерска радиостаница е одговорен за работата на таа станица и ако на неа работат и други аматерски радиооператори.

Член 32

